25003

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330

Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
9. MRZ. 1979 , 488 13

# СВЕТЛОСНИ ТРАГИ

• (ЗА ИЗЛОЖБАТА НА МИОДРАГ ЃОРЃЕВИЌ ВО МСУ СКОПЈЕ)

Триесетината фото-платна на белградскиот уметнички фотограф Миодраг **Ѓорѓевиќ (којшто** по професија е лекар), претставуваат едно освежување во нашиот ликовен живот. Уште на минатогодишниот Октомвриски салон во Белград бев восхитен од еден луминокинет (така се наречени сите негови експонати на изложбава), пред сѐ со својата **чиста визуелност и со перфектната технолошка изведба,** со чија помош на апстрактниот облик му се дава една многуасоцијативна конкретност.

Допадливо во овие светлосни форми на Ѓорѓевиќ е тоа што е најдена една прекрасна средина на изразување меѓу фотографската и сликарската уметност, обединувајќи ги суштинските вредности на двете техники во еден нов вид на уметност, што можеме да го наречеме фотографика или фотосликарство и што импонира со својата мошне успешна симбиоза. Тука на сликарската техника ѝ се дава **технолошка перфекција** што ја содржи фотографската техника, а на втората техника ѝ е дадена **духовната димензија** што ја содржи сликарството. Според тоа овие лумино-знаци на Ѓорѓевиќ не спаѓаат ни доменот на фотографијата, ни во класичниот концепт на сликата; тие само во наивното создавање користат извесни **фототехнолошки процеси.**

Своите луминокинет'и Ѓорѓевиќ ги изведува и без Фотокамера, употребувајќи ја светлината врз фото-чувствителната површина што ја движи. При премачкувањето со светлосно чувствителната емулзија врз црната површина остануваат светлосни траги кои потсеќаат на снимено движење од некое светлосно вселенско тело. Би рекле дека тоа претставува едно **творечко обликување на светлината**, едно патување во вселенската ноќ, во непознатиот универзум, што ги исполнува овие дела со една голема порака дека уметноста го **хуманизира** светот, дека ја најавува иднината и го претскажува недоловливото, онаа мистерија спрема која со векови е свртено духовното внимание на човекот.

Луминокинетите на Ѓорѓевиќ, кои претставуваат светлосно движење на некаква космичка непозната материја, запрена во мрачниот простор, во небиднината, се чини како да се извлечени со една електрична четка, со раката на техничката неизвесност. Така оформени во мрачното поле на сликата, тие ни изгледаат како запрени тотем-светлини, како над-светлини на невидливиот космички извор, на вечното космичко зрачење.

Поради специфичната технолошка постапка на Ѓорѓевиќ, која се потпира главно врз експериментацијата, како што изјавува и самиот во еден интервју („за да направам 30 дела потребни се неколку илјади експерименти“), во овие луминокинети често пати ликовноста е сведена на минимум за сметка на техниката. и тоа остава студен впечаток за целата изложба.

**Паскал Гилевски**